Архивски број: 08-353/8
Датум: 27-06-2023

Постапувајќи по претставката бр. 08-353/1, поднесена од адвокат [redacted] од Неготино, во име на [redacted] од Демир Капија со живеалиште на [redacted] Демир Капија, [redacted] Демир Капија, со живеалиште во с. [redacted], [redacted] од с.Кошарка, Демир Капија, со живеалиште во [redacted] Македонски Брод, со живеалиште во [redacted] и [redacted] од Демир Капија, со живеалиште на [redacted] Демир Капија, против ЈП Национални Шуми, П.О. Скопје, за сторена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија, бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 26.06.2023 година го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на лично својство и општествен статус од страна на ЈП Национални Шуми, п.о. Скопје, врз [redacted] во областа на работата и работните односи.

**О б р а з л о ж е н и е**

На 12.05.2023 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка бр. 08-353/1, поднесена од адвокат [redacted] од Неготино, во име на [redacted] од Демир Капија со живеалиште на [redacted] Демир Капија, [redacted], Демир Капија, со живеалиште во [redacted] Демир Капија, со живеалиште во [redacted], Македонски Брод, со живеалиште во [redacted] и [redacted] од Демир Капија, со живеалиште на [redacted], Демир Капија, против ЈП Национални Шуми, П.О. Скопје, за сторена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи.

Во претставката адвокатката наведува дека подносителите биле вработени со договор на определено во ЈП Национални Шуми на определено време како сечачи на огревно дрво и шумски работници. Во 2022 нивниот работодавач не им исплатил надоместоци од работен однос, како регрес за годишен одмор, теренски додаток и слично, по што тие поднеле тужби за надомест на надоместоци од работен однос до Основниот суд во Неготино. Согласно тврдењата на адвокатакта, подносителите во два наврати биле јавно известени од ЈП Национални Шуми, подружница Демир Капија, дека доколку не ги повлечат тужбите, нема да бидат вработени во претпријатието во 2023 година.

Подносителите не ги повлекле тужбите, како резултат на што, согласно тврдењата на адвокатката, не биле селектирани на јавниот оглас за засновање на работен однос на определено време до 31.12.2023, објавен од ЈП Национални Шуми. Имено, согласно тврдењата на адвокатката, подносителите аплицирале на јавниот оглас бр. 01/2023 од 01.03.2023, објавен од страна на ЈП Национални Шуми, но не биле избрани во 407 извршители на работни места. Адвокатката смета дека со неизбирањето, подносителите се

ставени во нееднаква положба со останатите кандидати за вработување кои аплицирале на огласот, врз основа на нивниот личен статус, односно затоа што го тужеле работодавачот за надомест на надоместоци од работен однос, иако претходно работеле во ЈП Национални Шуми од 2015та година. Адвокатката наведува дека ниту еден кандидат кој покренал тужба против работодавачот за надомест на надоместоци од работен однос, не бил избран на огласот бр. 01/2023 од 01.03.2023.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, во рамките на законски предвидениот рок, согласно чл. 24, ст. 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 17.05.2023 ја достави претставката до ЈП Национални Шуми со барање за произнесување по истата.

На 01.06.2023 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено произнесување по наводите од претставката од страна на ЈП Национални Шуми. Во произнесувањето се наведува дека наводите од претставката се неосновани, бидејќи објавувањето на јавниот оглас и изборот на работниците е извршен согласно законските прописи од областа на работните односи. Имено, во произнесувањето се наведува дека на предметниот јавен оглас аплицирале 520 кандидати за 407 објавени работни места Сечач, Дотурч, Шумски работник и Редач-утоварач-истоварач. Селекцијата на кандидатите ја вршела комисија формирана за спроведување на јавниот оглас, по пат на проверка на пријавите, оценување на пријавите и интервју со сите кандидати. Понатаму, во поднесокот за произнесување се наведува дека подносителите биле повикани на интервју, нивните пријави биле разгледани, при што согласно доставената документација и резултатите од интервјуто истите се бодирани и согласно добиените бодови се рангирани на конечната ранг листа. ЈП Национални Шуми, наведува дека повеќе лица кои имаат започнато судски постапки против ЈП Национални Шуми, п.о. Скопје, имале поднесено пријави по објавениот јавен оглас, а согласно добиените бодови и нивното рангирање на конечната ранг листа биле донесени одлуки за избор и со истите биле склучени договори за вработување во 2023 година.

Заради целосно и точно утврдување на фактичката состојба, а врз основа на чл. 29 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата, на 22.06.2023 година изврши увид во просториите и документацијата на ЈП Национални Шуми, п.о. Скопје. Увидот беше извршен од членот Игор Јадровски, известител по предметот и Анастасија Муратовска, вработена во стручната служба на Комисијата. Претставниците на Комисијата остварија средба со вработени во Секторот за правни, општи работи и човечки ресурси, на која дискутираа за претставката за заштита од дискриминација. Вработените од ЈП Национални Шуми детално ја појаснија постапката за вработување по конкретниот јавен оглас и истакнаа дека веќе неколку години се спроведува јавен оглас за вработување на определено работно време, при што и порано се случувало претходно вработени лица да не се избрани на новиот оглас или пак сосема нови лица да се избрани. Во однос на самата постапка за избор беше нагласено дека истата е спроведена регуларно, согласно внатрешен акт на претпријатието – Правилник и Формулар за рангирање. На претставниците на Комисијата им беше објаснето дека кандидатите се викаат на интервју од страна на трочлена комисија. Интервјуата се спроведуваат во повеќе реони, односно повеќе подружници на претпријатието. На самото интервју комисијата го пополнува формуларот за рангирање, оценувањето се врши во подржувниците, а бодовите се пресметуваат во ЈП Национални Шуми. Максималниот број на бодови е 40. Откако ќе се оценат сите кандидати, истите се внесуваат во конечна ранг листа според добиените бодови. На претставниците на КСЗД им беа дадени конечните ранг листи за работните позиции на кои аплицирале подносителите. Од увидот во конечните ранг листи може да се увиди дека подносителот


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Спасо Атанасов е рангиран на 54 место од вкупно 64 кандидати за работното место редач-утоварач-истоварач. Подносителите [redacted] и [redacted] се рангирани на 187, 199, 201 и 202 место од вкупно 219 кандидати за работното место сечач. Следствено на нивните бодови и рангирања на финалната ранг листа, подносителите не влегле во 407те кандидати со кои биле склучени договори за вработување.

Дополнително, во текот на увидот вработените од ЈП Национални Шуми ги информираа претставниците на Комисијата дека повеќе лица кои имаат започнато судски постапки против ЈП Национални Шуми, п.о. Скопје, имале поднесено пријави по објавениот јавен оглас, а согласно добиените бодови и нивното рангирање на конечната ранг листа биле донесени одлуки за избор и со истите биле склучени договори за вработување во 2023 година. Како доказ за ваквите тврдења на претставниците на Комисијата им беа доставени копии од тужби за надомест на надоместоци од работен однос, поднесени од [redacted] Демир Капија и [redacted] поднесени од страна на адвокатката [redacted] на 31.01.2023 и 01.02.2023 до Основниот суд во Неготино. [redacted] аплицирале на објавениот јавен оглас и согласно Одлука бр. 02-15/15-2 од 04.05.2023 за избор на работници на определено време за период до 31.12.2023 на ЈП Национални Шуми, именуваните лица се избрани на работната позиција Шумки работник (редач, утовар, пошумување и шум. производи) и со нив се склучени договори за вработување на определено време. Со ова, ЈП Национални Шуми тврди дека сите кандидати кои аплицирале на јавниот оглас биле подеднакво третирани во процесот на селекција, независно од нивниот личен и општествен статус, односно независно до тоа дали претходно го тужеле претпријатието за надомест на надоместоци од работен однос.

Согласно наводите од претставката, поднесокот за произнесување, како и добиените информации и документи од извршениот увид Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека извршената селекција на кандидати по спроведениот јавен оглас се вршела по однапред утврдена методологија и внатрешни правила на ЈП Национални Шуми, кои еднакво важат за сите кандидати, односно како прописи не произведуваат нееднаков третман и не вршат индиректна дискриминација врз било која основа.

Од друга страна, законската дефиниција за дискриминација, согласно чл. 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, пропишува дека *дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство* ***што се заснова на дискриминаторска основа****, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите* ***на одредено лице или група на еднаква основа со други.*** Токму последниот дел од дефиницијата поставува каузална врска помеѓу дискриминаторската основа и компараторот. Оттука, за да стане збор за дискриминација во одреден случај, мора нееднаквото постапување што се заснова на дискриминаторска основа да биде споредено со постапување кон лице или група лица кои ја немаат дискриминаторската основа. Во конкретниот случај, дадениот компаратор од страна на адвокатката на подносителите дека на цитираниот јавен оглас не се примило ниту едно лице кое ја имало заштитната карактеристика како подносителите – лично својство, односно својство на тужители против ЈП Национални Шуми не може да се земе како релевантен, бидејќи ЈП Национални Шуми во текот на постапката достави материјални докази дека лица кои го тужеле претпријатието за неисплатени надоместоци од работен однос, односно ја имале истата заштитна карактеристика како подносителите и биле примени на цитираниот јавен оглас.

Следствено на тоа можеме да заклучиме дека во конкретниот случај не може да стане збор за нееднаков третман врз основа на лично својство - својство на тужители против ЈП Национални Шуми во областа на работата и работните односи, туку дека подносителите не биле избрани на јавниот оглас затоа што во финалното рангирање од 520 пријавени кандидати по огласот, се нашле под 407то место, односно нивното рангирање било под рангирањето за вкупниот број на работни места за кои бил распишан огласот.

Согласно горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова мислење и не утврди дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус од страна на ЈП Национални Шуми, п.о. Скопје, врз [redacted] во областа на работата и работните односи.

Скопје
26.06.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик претседател
Игор Јадровски

Доставено до:

- ЈП Национални Шуми, бул. Св. Климент Охридски бр. 68, Скопје
- [redacted]
- Архива на КСЗД